**ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД СКОПЈЕ**

Акционерско Друштво за осигурува...
ГРАВЕ НЕЖИВОТ СКОПЈЕ
Бр. 0202-28/42
05.12.2019 год.
Скопје

# ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ОД ОДГОВОРНОСТ НА ТУРИСТИЧКИ АГЕНЦИИ

**Скопје, декември 2019 година**

Усвоена со одлука на Управен одбор број 28/41 од 05.12.2019

## ОСИГУРУВАЊЕ ОД ОДГОВОРНОСТ НА ТУРИСТИЧКИ АГЕНЦИИ

## I. УВОДНИ ОДРЕДБИ

### ЗНАЧЕЊЕ НА ОДДЕЛЕНИ ИЗРАЗИ ВО ОВИЕ УСЛОВИ

- **Осигурувач -** е правно лице кое според Законот за супервизија на осигурување е регистрирано за обавување на дејности од осигурување во Република Македонија.
- **Договорувач на осигурување -** е лице кое со осигурувачот склучува договор за осигурување.
- **Осигуреник -** е туристичка агенција која врши туристички услуги и чија одговорност е покриена со осигурувањето.
- **Трето лице -** е корисник на осигурување кое ќе претрпи штета од дејноста на туристичката агенција.
- **Полиса -** е исправа за склученото осигурување.
- **Премија за осигурување -** е износ што договорувачот на осигурувањето, односно осигуреникот го плаќа согласно договорот за осигурување.

## II.ОПШТИ ОДРЕДБИ

### СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ

**Член 1.**

Договорот за осигурување се склучува врз основа на усмена и писмена понуда, а склучен е кога договорувачите ќе потпишат полиса за осигурување.
Усмената понуда упатена на осигурувачот за склучување на договорот за осигурување не ги обврзува ни понудувачот ниту пак осигурувачот.
Ако осигурувачот во врска со примената писмена понуда побара било какво дополнување или измена, како ден на прием на понудата ќе се смета денот кога осигурувачот ја примил бараната дополна или измена, односно кога ќе биде известен за прифаќањето на неговите услуги.

### НАЧИН НА ИЗВЕСТУВАЊЕ

**Член 2.**

Сите известувања и пријави кои договорувачот на осигурувањето и осигурувачот се должни да ги дадат, во смисла на одредбите од овие Услови на осигурување, задолжително треба писмено да се потврдат ако се дадени усмено, по телефон или на кој било друг начин.
Како на ден на прием на известувањето, односно пријавувањето ќе се смета денот кога е примено известувањето, односно пријавата. Ако известувањето или пријавата се испраќаат препорачано, како ден на прием ќе се смета денот кога истите се предадени на поштата.

### ПРОМЕНА НА АДРЕСА-НАЗИВ (ФИРМА)

**Член 3.**

Договорувачот-осигуреникот на осигурувањето е должен за промена на името или адресата, односно промена на називот-фирмата и седиштето (деловните простории) да го извести осигурувачот во рок од 15 дена од денот на настанувањето на промената.
Ако осигурувачот не е известен согласно став 1 од овој член, ќе се смета дека адресата на осигуреникот е валидна доколку препорачаното писмо од осигурувачот стигне на последната адреса од осигуреникот со која располага.

### ПРОМЕНА НА УСЛОВИТЕ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ И ТАРИФАТА НА ПРЕМИИ

**Член 4.**

Ако осигурувачот ги промени Условите за осигурување или Тарифата на премии, должен е за тоа писмено или на друг погоден начин да го извести договорувачот на осигурувањето најдоцна шеесет дена пред истекот на тековната година на осигурување.

Договорувачот на осигурувањето има право да го откаже договорот за осигурување во рок од шеесет дена од денот на приемот на известувањето. Во тој случај договорот за осигурување престанува со истекот на тековната година на осигурување.
Ако договорувачот на осигурувањето не го откаже Договорот за осигурување во рок од став 2 на овој член, договорот за осигурување во почетокот на следниот период се менува во склад со извршените промени во Условите за осигурување, односно Тарифата на премии.

## ОБВРСКИ НА ОСИГУРУВАЧОТ ПО ПОДНЕСЕНО БАРАЊЕ ОД ОШТЕТЕНО ЛИЦЕ

### Член 5.

Во врска со поднесеното барање за надомест на штета од страна на трето лице (оштетениот), осигурувачот е во обврска:

1. Заедно со осигуреникот да преземе одбрана од неосновани или претерани побарувања за надомест на штета (правна заштита);
2. Да ги надомести основаните барања за надомест на штета (надомест на штета);
3. Да ги надомести трошоците во парничната постапка (надомест на судските трошоци).

## ПРАВНА ЗАШТИТА

### Член 6.

Обврската на осигурувачот за давање на правна заштита опфаќа:

1. Ако третото лице остварува право на надомест на штета во парнична постапка, осигурувачот може да го преземе водењето на спорот или да учествува во својство на замешател,
2. Осигуреникот е во обврска на барање од договорувачот да ги достави сите факти и докази со кои располага за одбрана од неосновани и претерани барања, а осигурувачот во име на осигуреникот ги дава сите изјави кои ги смета за корисни.
3. Обврската на осигурувачот за правна заштита престанува по исплата на сумата на осигурување, во тој случај осигурувачот го препушта водењето на спорот на осигуреникот.

## НАДОМЕСТ НА ШТЕТА

### Член 7.

Осигурувачот е должен да го исплати надоместот од осигурувањето во рок од 14 дена по утврдувањето на својата обврска и висината на истата, на еден од подолу наведените начини.

1. Признавање кое го дава или одобрува,
2. Спогодување кое го склучил или одобрил,
3. Судска одлука.

Осигурувачот е во обврска на име надомест да исплати најмногу до сумата на осигурување и во тој случај се ослободува од сите обврски и постапки во врска со осигурениот случај.

## НАДОМЕСТ НА ТРОШОЦИТЕ НА ПОСТАПКАТА

### Член 8.

Без согласност на осигурувачот парничиот спор не може да се води. Во спротивно, нема да настане никаква обврска на осигурувачот по тој спор.
Осигурувачот не ги надоместува трошоците во кривичната постапка.
Ако спорот се води со согласност и знаење на осигурувачот, тогаш осигурувачот ќе ги прифати и трошоците во парничната постапка до висина на сумата на осигурување во која пред се ќе биде пресметан и износот за надомест на штета.

## НЕПОСРЕДНО БАРАЊЕ ОД ОШТЕТЕНОТО ЛИЦЕ

### Член 9.

Ако вонсудското или судското барање на третото лице биде поднесено само против осигурувачот, осигурувачот ќе го извести договорувачот или осигуреникот и ќе го повика да му ги презентира сите податоци.

Доколку во случајот од претходниот став, осигурувачот одлучи да исплати надомест на оштетениот, во потполност или делумно, должен е за тоа да го извести осигуреникот.

## УТВРДУВАЊЕ И ПРОЦЕНА НА ШТЕТА

### Член 10.

Штетата ја утврдуваат и проценуваат заедно осигуреникот и осигурувачот, односно нивни овластени претставници.
Основот и висината на штетата се утврдува и проценува врз основа на факти и докази презентирани од договорувачот-осигуреникот и оштетениот.

## ВЕШТАЧЕЊЕ НА ШТЕТА

### Член 11.

Во случај осигуреникот и осигурувачот да не се согласуваат при утврдувањето и процената на штета, секоја од договорните страни може да побара штетата да ја утврдат стручњаци (вештаци).
Секоја од договорните страни писмено именува свој вештак. За вештак може да се именуваат лица кои не се во работен однос со осигурувачот односно осигуреникот.
Пред почетокот на вештачењето, двајцата именувани вештаци избираат трет вештак како претседател.
Предмет на вештачење може да бидат само спорни факти. Кои спорни факти ќе бидат предмет на вештачење и постапката за вештачење, ќе ја определат во секој конкретен случај осигуреникот и осигурувачот со писмен договор за вештачење.
Секоја договорна страна ги сноси трошоците за својот вештак. Трошоците за претседателот ги сносат обете страни по пола.

## ПРАВО НА РЕГРЕС

### Член 12.

Туристичките агенции за штети кои ќе ги предизвикаат на трети лица при обавување-вршење на туристичката дејност, а согласно Законот за угостителска и туристичка дејност и Законот за облигациони односи.
Осигурувачот се здобива со право на регрес од осигуреникот до висина на исплатениот надомест на оштетениот доколку отпосле се докаже дека штета е предизвикана со намера или грубо невнимание, а во моментот на надоместот осигурувачот бил доведен во заблуда со погрешно презентирани факти и докази.

## III. ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ

## ПРЕДМЕТ НА ОСИГУРУВАЊЕ

### Член 13.

Предмет на осигурување, согласно овие Услови е законската одговорност на туристичките агенции и вработените во туристичките агенции за штети кои ќе ги предизвикаат на трети лица при обавување-вршење на туристичката дејност, а согласно Законот за угостителска и туристичка дејност и Законот за облигациони односи.
Предмет на осигурување е одговорноста на туристичката агенција и вработените во туристичката агенција за штети кои се случиле за времетраењето на договорот за осигурување како последица од идни, неизвесни, неочекувани и непознати штетни настани од пропуст, грешка или од небрежност, при совесно и чесно обавување на законската должност.
Со осигурувањето не е покриена одговорноста за штети, што се предизвикани со дејствија превземени со намера, измама и грубо невнимание од страна на вработените во туристичката агенција.

## ТЕРИТОРИЈАЛНА ВАЖНОСТ

**Член 14.**

Со осигурувањето се опфатени осигурените случаи кои настанале на територијата на Република Македонија и надвор од Република Македонија за туристика агенција со лиценца А и лиценца Б.

## ОСИГУРЕН СЛУЧАЈ

**Член 15.**

За осигурен случај според овие Услови се смета законската одговорност на туристичките агенции за пропуст или грешка во вршењето на туристичката служба со што ќе предизвика штета на трети лица во време на осигурувањето.
Осигурениот случај е иден, неизвесен и независен од исклучивата волја на осигуреникот. Се смета дека осигурениот случај настанал тогаш кога е сторено дејствие, односно настанало пропуштање при обавување на дејност означена во полисата, со која е предизвикана чиста имотна штета на трето лице.

## ОБЕМ НА ОСИГУРЕНИ ОПАСНОСТИ

**Член 16.**

Организирање и спроведување на туристички патувања. излети, екскурзии и други туристички аранжмани во земјата и странство, организирање и спроведување на туристички услуги со пакет аранжмани кои содржат најмалку две сместувања или услуги кога покрива период подолг од 24 часа, во кое е вклучено и сместување со ноќевање, давање на туристички информации, продавање и посредување при продажба на угостителски и други туристички услуги, организирање и спроведување на работите околу издавање на куќи, станови и соби на туристи, вршење на услуги со туристички водичи, продавање на превозни билети и осигурување на патници и туристи, организирање на културни и спортски манифестации, продавање на сувенири, туристичка литература и друга стока што вообичаено се продава во туристичкиот промет, продавање на влезници за културни, спортски и други приредби.

## СУМА НА ОСИГУРУВАЊЕ

**Член 17.**

Сумата на осигурување е горната граница на обврските на осигурувачот по еден осигурен случај, и претставува кумулатив на штетни настани за времетраење на осигурувањето, во кој спаѓа надомест на штета и било кој други трошоци околу утврдување на штетата, вклучувајќи ги и трошоците во парничната постапка.
Најниската сума на осигурување се определува во висина на 25.000 ЕВРА за туристичка агенција со лиценца А, и 15.000 ЕВРА за туристичка агенција со лиценца Б.

## ПЛАЌАЊЕ НА ПРЕМИЈА

**Член 18.**

Премија за осигурување се плаќа однапред целосно или во договорени рокови. Ако премијата не е платена во времето кога е доспеана, осигурувачот го задржува правото на законска камата од денот на доспевањето до денот на плаќањето на обврската.

## ПОЧЕТОК И ПРЕСТАНОК НА ОСИГУРУВАЊЕ

**Член 19.**

Обврската на осигурувачот започнува ако поинаку не е договорено, по истекот на 24-тиот час од денот кој во полисата е означен како ден на почеток на осигурувањето, а завршува со последниот ден од рокот во полисата.

## ОБВРСКА НА ОСИГУРЕНИКОТ КОГА ЌЕ НАСТАНЕ ОСИГУРЕН СЛУЧАЈ

### Член 20.

Договорувачот-осигуреникот е должен да се однесува како добар домаќин и да ги превземе сите мерки за заштита на своите, а со тоа и на интересите на осигурувачот.
Осигуреникот е должен да ја пријави штетата во рок од 3 дена од денот на настанувањето на осигурениот случај, односно од денот кога дознал за него и можел да го пријави.
Осигуреникот е должен, независно од рокот во кој ја поднел пријавата за штета, на претставникот на осигурувачот да му ги презентира сите податоци и други докази кои се потребни и за утврдување на причините, опфатот и висината на штетата.
Осигуреникот не е овластен без претходна согласност од осигурувачот да се изјаснува по барањето за надомест на штета, а особено да го признае потполно или делумно, да се спогодува и да води судски спор, како ни да изврши исплата, освен ако според фактичката состојба не можел да го одбие признавањето, спогодбата, односно исплатата, а со тоа да не се направи очигледна неправда. Ако осигуреникот во заблуда сметал дека постои негова одговорност или дека фактите се правилно утврдени тоа нема да го оправда.
Ако оштетениот поднесе тужба за надомест на штета против осигуреникот. тој (осигуреникот) е должен да му ја достави на осигурувачот судската покана, односно тужбата и сите списи во врска со штетниот настан и барањето за надомест на штетата, како и водењето на спорот да му го препушти на осигурувачот.
Ако осигуреникот се противи на предлогот на осигурувачот барањето за надомест на штета да се реши спогодбено, осигурувачот не е должен да го плати вишокот на надомест, каматата и трошоците кои заради тоа ќе настанат.
Во случај кога оштетениот со барањето за надомест на штета непосредно ќе му се обрати на осигурувачот, осигуреникот е должен на осигурувачот да му ги презентира сите докази и податоци со кои располага, а кои се неопходни за утврдување на одговорноста за причинетата штета и оцена на основаноста на барањето, обемот и висината на штетата.
Доколку осигуреникот не се придржува на обврските од овој член самиот ќе ги сноси штетните настани кои ќе настанат поради тоа, освен ако тие би настанале и да се придржувал на овие обврски.

## УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНА НА НАДОМЕСТОК

### Член 21.

Штетите се утврдуваат во согласност со Законот за облигациони односи, Законот за угостителска и туристичка дејност, со валидни докази, а се исплатуваат најмногу до договорената сума на осигурување.
Износот на надоместокот не може да биде поголем од штетата што оштетениот ја претрпел со настанување на осигурен случај.

## ШТЕТИ ИСКЛУЧЕНИ ОД ОСИГУРУВАЊЕ

### Член 22.

Со осигурување не се опфатени оштетни побарувања:

1. Со осигурување согласно овие Услови не се опфатени штетите од одговорност за постапки или грешки во вршењето на туристичката дејност, кои биле познати во време на склучување на договорот за осигурување или не можело да останат непознати.
2. Заради договорено проширување на одговорноста на осигуреникот и на случаи кога по Законот не спаѓаат во вршење на туристичката дејност.
3. За смрт или телесна повреда на лица и за оштетување, исчезнување на ствари, вклучувајќи и кражба на ствари на трети лица прописно предадени на организаторот на патувањето.
4. Штети предизвикани со намера или грубо невнимание на вработените во туристичките агенции.
5. Предизвикани непосредно или посредно од воjни и политички ризици без разлика дали е

војната објавена или не.

6. Заради неодржување на рокови, доколку за тоа е договорно третото лице-оштетениот.
7. Во случај на застапување на странки спротивно на одредбите на Законот за вршење на угостителска и туристичка дејност.
8. Поради преземање службени дејствија спротивни на Законот.
9. Ако се застарени согласно Заонот за облигациони односи и законот за угостителска и туристичка дејност.
10. За трошоците за надоместување (пополнување) на списи и книги кои се исчезати од просториите на туристичките агенции.
11. Во сите случаи кога не може да се утврди одговорност на договорувачот на осигурувањето во согласност со Законот за вршење на угостителски и туристички работи и Законот за облигациони односи, под законските акти и овие Услови.
12. За штети на ствари и лица поради загадување на тлото и водата.
13. Поради грешка во пресметка и примената на тарифата на премија.
14. Поради престанок на вршење на функција туристичка дејност.
15. Штети предизвикани од туристичка агенција која не е запишана во именикот на туристички агенции.

## НАДЛЕЖНОСТ ВО СЛУЧАЈ НА СПОР

**Член 23.**

Евентуални спорови од примена на овие Услови ќе ги решава стварно надлежниот суд во седиштето на осигурувачот.

## ЗАСТАРУВАЊЕ НА ПОБАРУВАЊАТА

**Член 24.**

Побарувањата на осигуреникот, односно трето лице од договорот за осигурување застаруваат во рок од три години од денот кога настапил осигурениот случај.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 25**

Постапка по приговори

Во случај осигурителот и осигуреникот да не се согласат по однос на обемот и висината на штетата, осигуреникот има право на приговор во рок од осум дена од приемот на писменото известување од осигурителот до Второстепената комисија за решавање штети по приговор, што е должна во рок од 30 дена да одговори по приговорот.

**Член 26**

Постапка по жалба

Договарачот, односно осигуреникот во однос на работењето на Друштвото има право на жалба до Агенцијата за супервизија во осигурување како надлежен орган за супервизија на друштвата за осигурување.

**Член 27**

Решавање спорови

Евентуалните спорови што би произлегле од договорот за осигурување договорните страни ќе ги решаваат спогодбено, а доколку не дојде до спогодба, надлежен е стварно надлежниот суд според местото на склучување на договорот за осигурување.

**Претседател на Управен одбор**
**Марко Микиќ**

ГРАВЕ НЕЖИВОТ Скопје